Свешт. Никушор Белдиман

# ОМИЛЕТСКИ АСПЕКТИ ВО ПРАВОСЛАВНАТА ИКОНОГРАФИЈА

**Abstract:** *Homiletic Elements of the Orthodox Iconography.*

Fr. Beldiman presents an intriguing methodology for theological research in the field of Orthodox liturgical art, specifically icons. His approach integrates Homiletics with visual Christian art into a cohesive whole, combining it with Orthodox Soteriology.

**Keywords:** *Orthodox Icons, Christian Art, Homiletics, Didactics, Orthodoxy*

**Увод.** Фреските на една православна црква се една вредна отворена книга, една мала Библија и црковна историја во слики, според сфаќањето на секого. Отворена, но на свој начин, со сите страници одеднаш. Фреските на една црква сакаат да бидат контемплирани, анализирани и доживеани сцена по сцена, целина по целина. Во спротивен случај, може да ни остави едно генерално мислење или може да го создаде убавиот ефект на една богато обоена хармонија.

Иконите се неразделиво врзани за нашиот православен култ и се радуваат уште од почетокот на посебна почит во христијанската Црква. Според едно предание, кога Спасителот се качувал по патот на Голгота, паднал под тежината на крстот. Лицето Му било полно со крв и пот. Една жена со име Вероника Му го избришала лицето со една марама и на неа се отпечатил ликот на Божјиот Спасител. Се вели дека е најстарата икона во христијанската Црква. За свети евангелист Лука се вели дека бил сликар и ја насликал иконата на Спасителот и на Мајката Божја.

Една од доктринарните основи на иконата треба да биде сметано созданието (1 Мој. 1, 26). Во времето на Стариот Завет, човекот не

поседувал внатрешни значења за да Го „зографиса“ Бог[1]. Но бидејќи беше потребно Бог да стане сличен на нас, за да може да биде зографисан, Тој се користел, во периодот од падот до воплотувањето, со символот, кој „си ја има основата во разликувањето на светот од Бога, но во исто време и во неговата врска со Бога, како негов Создател“[2], и особено со пророчкиот символ. Овој символ го преставува месијанското чекање, сопствено на Стариот Завет, „го претставува патот кој води кон иконата, која ќе биде претставување на самата вистина, предвидена само во пророчките симболи на стариот Закон“[3]. Православната иконографија, основана на учењето дека обожувањето на светот се прави преку појавата на човештвото во божествената личност на Синот, не прави друго освен да го илустрира „делото на Логосот, Кој дојде да му ги врати на светот тежината и мерката, длабоката рамнотежа, која прави од него еден ефект на божјата сила и рефлексија на Неговата убавина“[4].

Важно е да подвлечеме дела иконите беа претставени во Стариот Завет. Веднаш по забраната за поклонување на идоли, се заповеда ипочитувањето на иконите, велејќи му се на Мојсеј: „И направи два херувима од злато... Над капакот, меѓу двата херувима, кои ќе бидат над ковчегот на заветот, ќе ти се јавувам тебе и оттаму ќе ти зборувам тебе и за сè ќе им заповедам преку тебе на синовите израилски“ (2 Мој. 25, 18-22). Мудриот Соломон се потчинил на истите заповеди кога го градел храмот: „И по сите ѕидови на храмот наоколу издлаби ликови на херувими, палми и расцутени цветови, однатре и однадвор“ (3 Цар. 6, 29). Кога Спасителот дошол во светот, ги нашол иконите во тогашниот храм, без да ги поништи, како што тоа го направил со жртвувањето на животни, талионскиот закон итн. Како таков, Тој не ги смета исти со идолите, туку соодветни со светоста на храмот. Спасителот Христос, како и светите апостоли се молеле во

[1] C. Grigoraş, „Predică şi artă bisericească: Despre funcţiunea omiletică a artelor religioase", *S.T.*, anul XXXIV (1982), nr. 9-10, p. 695.
[2] D. Stăniloae, „De la creaţiune la Întruparea Cuvântului şi de la simbol la icoană", *G.B, anul XVI* (1957), nr. 12, p. 860.
[3] Ibid., p. 961.
[4] M. J. Guillou, *Vers l' unité chrétienne*, Paris, nr. 1-2/1968, p. 14.

храмот, каде што ликовите на херувимите биле почитувани. Свети апостол Павле зборува со восхитеност за Светата Скинија, особено за култните објекти во неа, без да ги наброи, бидејќи им говорел на Евреите кои добро ги познавале[1].

Според мотивацијата од Писмото, иконостасот на христијанската црква е покриен со икони од горе до долу. Исто така, и ѕидовите се покриени со ликовите на светителите. На мотивацијата од Писмото се додава една од психолошки ред, која прави од иконата неопходен елемент на нашата православна побожност. Затоа, во Православието не може да се зборува за светите икони освен со длабока побожност, бидејќи преку нив Бог гледа во душата на верниците, а верниците се отвораат кон божествените работи. Иконата претставува постојано откривање кон божествениот свет „од онаа страна", кон трансцендентното, правејќи верниците да живеат во духот на божјите заповеди кои беа дофатени реално во свети слики, учејќи ги со мудрост, осветувајќи ги и упатувајќи ги кон Вистината и Животот, поими кои не си ја наоѓаат реалноста само во нејзиниот прототип – Спасителот Христос[2]. Таа конкретно го предвидува она на кое се надеваме. Е, ако можеме да кажеме, нешто од „увереноста во она на кое се надеваме – убеденост во она што не се гледа" (Евр. 11, 1). Затоа, носталгијата по рајот, тагата на подобието и психо-физичката структура на човекот, како универзални манифестирања, го претставуваат разумот на постоењето на иконата[3].

Сликарството исполнува тројна улога: инструктивно-дидактичка, морална и симболична. Преку светите икони, Црквата се обидува да нè потсети на Бога и на Неговите светители, за, гледајќи ги, да ги врежеме во нашата душа нивните добродетели, да ја цениме светоста на нивниот живот, да се стоплиме од нивната љубов кон верата и да им ја оддадеме пофалбата која им прилега, за преку нивното почитување, да Го прославуваме Бога, Кој е прекрасен во Своите светии. Храмот со своите куполи, со полиелеите, свеќниците и запалените

[1] I. Bunea, *Predici la duminici și sărbători*, Sibiu, 1983, p. 248.
[2] I. Ioanicescu, „Iconografia creştină ortodoxă ca izvor omiletic", M.O., anul XXX (1978), nr. 1-3, p. 98.
[3] Ch. Diehl, *La peinture byzantine*, Paris, 1933, p. 24.

светла, ја дава сликата на небото слезено на земјата. Е сликата на радоста и на мирот, која зборува за вечниот живот чиј почеток е тука.

Црковното сликарство е повикано да ја усоврши оваа градба и да ја украси. Можноста на претставувањето во сликарството на Бога, Кој е невидлив, стана возможна преку Неговото воплотување во богочовечката личност на Исус Христос, бидејќи Тој е слика на невидливиот Бог (Кол. 1, 15), во Кого телесно живее сета „полнота на Божеството“ (Кол. 2, 9), сликарството станувајќи на тој начин едно средство за комуницирање со Бога, со светителите, духовна скала[1].

Заради посебната важност која ја имаат светите икони во религиозно-моралниот живот, нивното почитување во православната Црква се вклучува потполно во божествениот култ, во литургискиот живот, во активноста на осветување на Црквата и во напорите на верниците кон спасението, од кое не може да биде одделена. Иконите го будат, го одржуваат и го зацврстуваат религиозниот живот. Тие ја засилуваат верата и ја зголемуваат побожноста, тие се помош за правење на доброто, на праведноста и на исполнувањето на љубовта. Насекаде православните христијански цркви, параклисите и домовите на верниците се украсени со светите икони.

Сведоштва на верата и побожноста на верниците, иконите се зачуваа со светост, од најстарите времиња се до нашите денови, докажувајќи ја непроменливоста на Црквата во вистинската вера. Тие непрестано ги учат вистините на православната вера, онака како што беа формулирани од страна на светата Црква и како што биле живеени од мноштвото на верници низ вековите. Како непресушен извор и како неисцрпна духовна ризница, светите икони постојано нè повикуваат на совршенство.

Важноста на христијанската иконографија за догматската и религиозно-моралната содржина на проповедта. Иконите се свети лекции, кои поклонителот никогаш не ги заборава, ако знае да го чита добро со очите на верата, она што е изобразено на иконите. Она што се мислите, зборовите и убавите дела за човекот, тоа се иконите за

[1] Ir. Crăciunaş, „Temele iconografice reprezentate în pictura exterioară din Moldova", *M.M.S., anul XLVII* (1971), nr. 9-12, p. 634.

светата Црква, односно радост и украс[1]. Свети Јован Дамаскин јасно ја изразува идејата дека иконите претставуваат еден скапоцен омилетски извор, фреските од црквите вршат силно чувство над верниците, проповедајќи им тивко, но продирно, за и тие да ги извршуваат истите христијански добродетели: „оти влегувам во црквата задушен од помисли како од трња, украсот на фреските ме привлекува да гледам, ми го насладува погледот како ливада, неосетливо, славата на Бога навлегува во душата. Го видов трпението на маченикот, платата на неговите круни и се запалив како низ оган со желба да го имитирам“[2]. Проповедникот ја наоѓа во експресивноста и во мирната концентрација на фигурите, сликата на едно интензивно духовно доживување, еден здив на светоста и еден длабок хуманизам, еден реален емоционален интензитет. Насликаните теми со субјекти земени од христијанската историја, акатисти, химни и црковни служби, житија на светителите, некои дела на светите Отци, прават од фреските едно раскажување на светата историја. Православното сликарство ги става во светлина светителите, правејќи го видлив нивниот аскетски стремеж, претставен преку интериоризирани ликови, ослабени и моделирани под строгото дејство на христијанската аскеза[3].

Проповедникот треба да ја изработи проповедта на тој начин што светителите изобразени преку фреските да извршат силно чувство над верниците, за тие, од нивна страна, да ги практикуваат со машкост истите христијански учења. Во таа смисла, содржината на една ваква проповед претставува една цела гама на догматски, морални и култни учења, кои можат да бидат разјаснети по теми или проблеми, вклучувајќи ја и нивната важност во целта следена од проповедникот. Ќе го најдеме, на пример, во христијанската иконографија учењето за Воплотувањето Господово, ова фактички претставувајќи го, главниот темел на зографисувањето и почитувањето на иконите. Исто така, проповедникот може да искористи повеќе догматски аспекти, како што ќе забележиме од следниве примери:

Исус Христос – Спасителот на човечкиот род. Ако преку Својот

[1] I. G. Coman, „Predică la Duminica Ortodoxiei", *G.B., anul XX* (1961), nr. 1-2, p. 55.

[2] Sfântul Ioan Damaschin, *Dogmatica*, București, 1938, p. 45.

[3] C. Grigoraș, *Predică și artă bisericească*..., p. 695.

живот, страдања и смрт, Христос ни се покажува како Цар кроток и смирен со срцето, како Јагне Божјо кое доброволно се жртвува за спасение на светот, преку Своето свето воскресение, ни се покажува во сета божествена светлина, како вечен Цар на небото и на земјата. Настојувајќи подолго врз оваа тема, отец Петре Теодор забележува дека „преку жртвата на Крстот, Христос го искупува човечкиот род од ропството на гревот, одново го смирува и го соединува со Бога во Своето небесно царство. Преку жртвата на Крстот Христос го втемели овде на земјата Своето царство, кое е Црквата и во кое Тој ќе продолжи да останува со Своите тело и крв се до крајот на векот, дарувајќи се на сите оние кои ќе веруваат во Него, преку светата Тајна Причест. Од овде, од Црквата, Тој ќе ја сподели Својата благодат преку светите Тајни и исто преку Црквата ќе ги запази и ќе ги разреши гревовите на Своите верници, преку посредството на свештениците. Така да, и по Своето вознесение со телото на небо, Христос продолжува да останува посреде нас во Своето духовно царство на земјата, кое е Црквата“[1].

Преку воскресението од мртвите царското достоинство на Спасителот се покажува во сета вистинска слава и божествена светлина. Тоа ќе се покаже на сите на Неговото второ доаѓање, кога ќе биде „опкружен од слава и од светите Свои ангели. Бидејќи по Своето вознесение на небото, седи оддесно на Својот Отец во Својата слава, а на крајот на овој свет ќе го суди сиот човечки род, а потоа ќе владее засекогаш со Своите избраници“[2].

Спасителот Христос е воплотениот Божји Син, вистински Бог и вистински човек. Тој беше истовремено и на небото и на земјата. Бог направи сè за да ја уништи разделната длабочина помеѓу небото и земјата, испраќајќи го во светот Самиот Свој Син. Затоа, воплотувањето Господово, животот и Неговата жртва на Крстот претставуваат „највисокиот чин на љубовта Божја за уништување на пропаста помеѓу небото и земјата. Воплотувајќи се и станувајќи како еден од нас, Господ Исус во Себе ги прегрна сите напори кои Бог и луѓето ги направија и ги прават за здобивање на комуницирањето од почето-

[1] P. Teodor, *Hrană și bucurie. Predici la Duminicile de peste an*, ed.V. Plopului, 1995, p. 60.
[2] Ibid., p. 61.

кот. Дрвото од Голгота го донесе во светот овој вкрстен мост кој ги соединува, од една страна, небото со земјата и од друга страна, страните на светот меѓу нив", ни исповеда достојниот отец Петре Теодор[1].

Божеството на Спасителот Христос. Во Проповедта на Велики Петок, свешт. Штефан Слевоака го евиденцира божеството на Синот Човечки. Впечатлив е фактот дека пред страдањата, Христос им зборуваше на Апостолите за страдањето што ќе следува: „Ете се искачуваме кон Ерусалим и Синот Човечки ќе биде предаден на првосвештениците и книжниците, и ќе Го осудат на смрт" (Мк. 10, 33). Пред смртта Христос останува спокоен, како во Гетсиманската градина, така и во текот на судењето и на патот кон Голгота. Во Гетсиманската градина, војниците беа многу воодушевени кога Го видоа Оној што требаше да биде уапсен, сепак од страв „тие се повлекоа назад и паднаа на земјата" (Јн. 18, 6). На истото место, кога Петар го извади мечот, Христос го кара, а потоа, како Бог, му го излекува увото на слугата на првосвештеникот. Божеството на Христос произлегува и од одговорот кој им го дава на првосвештениците, дека Тој е Синот Божји. На Крстот му ветува на разбојникот од десната страна дека ќе биде со Него во рајот. Но не и во последен ред, божеството произлегува и од силата да им прости на Своите убијци и прогонувачи: „Ова простување кое извира од љубовта кон грешниците, е еден од најголемите докази на неговата божествена природа"[2]. Дури и природата се затреси гледајќи го на Крстот својот Создател, оти се гледаа „знаци на небото и на земјата, знаци на тажење на созданието за безмилосната смрт на Владиката преку Кого сè се создаде"[3].

За демонстрирање на догматското учење дека Христос е вистински Бог, слезен од прегратките на Отецот за спасение на луѓето, отец Тома Кирикуца го истакнува фактот дека за овој свет, кој беше под владеењето на Сатаната, Христос дојде од небото, за да го спаси од под владеењето на злото. Бог во неговото трпение, не го напушта светот, туку Го испраќа Својот Син за да го избави целосно од владеењето на Сатаната и да го врати во првобитната состојба. За да ја

[1] Ibid., p. 301.
[2] Ibid., p. 296.
[3] Ibid.

подвлечеме подобро оваа догматска идеја, проповедникот го користи следниот пример: „Исус да значи за нас сите она што значеше за еден град на север на нашата земја, во еден ден, часовникот на катедралата. До тој ден луѓето не можеа да имаат ред, оти часовниците на сите луѓе не беа нагодени. Едни станувaа подоцна, други станувaа порано. Едни заминувaа на работа порано, други заминувaа подоцна. Кога се постави часовникот на катедралата, тогаш сите часовници се наместија според него. И тогаш сите луѓе почнаа да се будат во исто време, си легнувaа во исто време. Со други зборови, во животот на тој град се уреди совршен ред. Мој возљубен брате! Ти треба да знаеш дека Господ Исус не е само твој. Тој е Спасителот на сиот свет. Тој сам може да ни го покаже на сите патот на спасението“[1].

Во Проповед на Цветници, отец Балка дава прифатливо објаснување на гестот на Спасителот да прифати да биде примен како световен цар, гест привидно антитетички на неговото вообичаено однесување да ја одбие светската слава. Нашиот проповедник овој гест го смета за еден чин на божјата волја, со важна педагошка конотација, преку која Христос направил еден последен обид, да ги убеди фарисеите и книжниците за реалноста на Своето божество: „Божјата волја била, за Својот возљубен Син триумфално да оди кон местото за жртвување, во Ерусалим, од каде што секогаш се повлекувал од пред мноштвото на луѓе, кои сакале да Го прогласат за цар, сведочејќи дека Неговото царство не е од овој свет (Јн. 18, 36), денес пак, Тој сака да се покаже во сета негова величественост. Тој сака да биде примен триумфално во светиот град Ерусалим, во градот на Своите претци и таму да биде признат и акламиран како вистинскиот Месија, Синот Давидов“[2].

Друго учење од православната иконографија кое проповедникот може да го продлабочи е она што се однесува на идниот живот. Иконата во себе има извонредна есхатолошка функција. Таа е знакот на присуството и на дејството на Светиот Дух во Црквата и преку тоа таа ни дава сведоштво за есхатолошката реалност, и успева во

[1] T. Chiricuță, *Cunoști tu Calea? Chemări către suflet*, Editura Fântâna Darurilor, București, 1934, p. 122.
[2] N. Balcă, „Predică la Duminica Floriilor", *G.B., anul XXVII* (1968), nr. 3-4, p. 377.

тоа делумно, „како во гатанка“[1]. Иконата претставува едно претходење на обожениот човек по благодат, кој се наоѓа во идниот свет, стремејќи се да го прикаже Царството на Духот, односно созданието преобразено преку благодат, иконата претставувајќи еден модел на идното човештво, на човештвото кое станува Црква Божја[2]. Други икони му помагаат на проповедникот да го објасни учењето за страдањата, смртта, воскресението, вознесението и доаѓањето на Господа. Во црквата, иконите го означуваат присуството на Христос и на небесната Црква во средината на Својата заедница. Како носителка на спасителната и дејствителна благодат, иконата го одразува единството на небесното и земното, заедницата која постои меѓу борбената и победничката Црква[3].

Истражувајќи ја христијанската иконографија, проповедникот констатира дека „не постои религиозна сцена која да не сугерира еден поттик за практикување на добродетелите и за оддалечување од гревот, топла молитва по небесната помош, пример за живот достоен за следење, почнувајќи од Спасителот и продолжувајќи со светителите и маченицитe. Навистина, иконите сугерираат љубов кон ближниот, за правењето на добри дела, за живеењето во праведност и вистина“[4]. Светите икони се скапи накити на христијанската душа. Христијанинот се моли пред нив со верата на присуството на божјата благодат, присуство кое Црквата го повикува преку силата на осветувањето на иконата. Чинот на благословувањето на иконата установува врска помеѓу иконата и нејзиниот прототип, помеѓу она што е претставено и самото претставување. Благодарејќи на благословувањето на иконата на Христос, се извршува таинствена средба на верникот со Христос. Истото се случува со иконите на Богородица и на светителите: иконите ги продолжуваат нивните животи на земјата[5].

Иконата е повик на светост. Светата Дева Марија е првата која одговори на овој повик. Ова нешто ни е докажано од фактот дека

[1] I. Ioanicescu, *Iconografia creştină ortodoxă ca izvor omiletic...*, p. 102.
[2] N. D. Stănescu, „Sensul ortodox al icoanei", *O., anul VIII* (1956), nr. 2, p. 245.
[3] Ibid., p. 103.
[4] I. Ioanicescu, *Iconografia creştină ortodoxă ca izvor omiletic...*, p. 103.
[5] S. Bulgakoff, *Ortodoxia*, Sibiu, 1933, p. 178.

покрај иконата на Спасителот, во раната Црква, се појавува иконата на Својата Мајка. И во иконата на Пречистата, свештеникот проповедник може да најде различни теми кои ќе ги развие во своите проповеди:

Мајката Божја-посредничка кон Бога и заштитничка на христијаните. Водењето на грижа на Бог се манифестира на најконкретен начин преку светителите и, на посебен начин, преку Мајката Божја. Помошта Божја пристигнува не само на директен начин, туку и преку личноста на Својата Мајка, како што молитвите на верниците пристигнуваат кај Бога и преку нејзиното посредништво и на сите светители. Кој не вкусил од брзото дејство на Мајката Божја, кому не му се дало да ја има на усните на болката, благоста исполнета со надеж на нејзиното брзо посредништво, само еден како него се сомнева во помошта на Мајката Божја[1].

Мајката Божја – наша Мајка. Света Дева Марија, станувајќи преку чинот на Благовештението Мајка на Бога, од тој момент таа стана и наша Мајка. Ако од старата Ева го имаме потеклото по тело, од новата, Мајката Божја, го имаме Животот, односно Спасителот, значи, сме духовни синови. Исто преку неа ни доаѓа и помошта или божествената благодат, таа е онака како што возгласува вдахновениот химнограф: „Чудење на ангелите, украс на архангелите, сила на мачениците, пофалба на апостолите, учителка на калуѓерите, воздржување на пустниците, чистота на девиците, мудрост на младенците, надеж на сиромашните, здравје на болните, утеха на натажените, а на грешниците молителка кон Бога“[2].

Ако преку воплотувањето света Дева се наоѓа во најтесна заедница со нејзиниот Син по тело, исто така преку волотувањето се наоѓа во потполна солидарност со човечкиот род. Од таа заедница и солидарност произлегува дека Мајката Божја е онаа која има најголем премин кај Спасителот Христос, носејќи ги молитвите кои нејзе ѝ се адресирани од страна на верниците пред небесниот трон. За да ја опише посредничката улога, но и заштитничката улога на Мајката Божја, професорот отец Мухаил Булаку се повикува на првото чудо

[1] C. Necula, *Prăznicar*, Editura Agnos, Sibiu, 2004, p. 151.
[2] Rugăciunea de la Acatistul Bunei Vestiri, în *Acatistier*, Eibmbor, București, 2006, p. 77.

направено од Спасителот во Кана Галилејска, „кога очевидците ни сведочат писмено, како светиот апостол и евангелист Јован, дека молитвите на светата Дева Марија поттикнати од милоста за луѓето, беа послушани од Господ Христос“[1]. Значи, заклучува отецот, не е безразумен фактот дека ние ги насочуваме молитвите и кон Мајката Божја, да биде носителка на христијанските молитви кон Господ Исус Христос, за нивно целосно слушање[2].

Иконата на Успението на Мајката Божја ни сугерира повеќе теми преку следново опишување: Светата Мајка положена на погребното легло, опкружена од насолзените апостоли. Најзначајната подробност ја претставува присуството на Исус, нејзиниот Син и нашиот Спасител, Кој во прегратката држи едно младенче. Што претставува тоа младенче не е тешко да се каже: станува збор за душата на Неговата Мајка, која Тој, како Син што љуби, но и како Бог, ја зема во рацете за да ја вознесе на небото. Во овој гест гледаме не само еден природен чин, потполно оправдан после непорочниот живот, туку и еден знак на божествено враќање. Кога Исус беше младенец, таа беше онаа која го носеше во прегратките, таа беше онаа која Го придружуваше непрестано во Неговата проповедничка мисија. Беше покрај Него во тешките мигови на страдањата, на смртта и на погребението. А сега, на нејзиното успение, саканиот Син, во Неговиот Божји ипостас, нежно и благодарнички ѝ ја држи душата во Своите прегратки. Забележуваме во овој впечатлив гест не само еден чин на благодарност, туку и еден божествен педагошки пример, даден за нас луѓето. Слични на Мајката Божја, која си го пораснала Младенецот со особено дарување, се и нашите родители кои нѐ родија со пожртвуваност. Сепак, доаѓа време кога староста и болестите ги спуштаат родителите во состојба на немоќни „младенци“, зависејќи од децата, како некогаш децата од нив. И тогаш, се случува едно дело слично со она кое ни го сугерира иконата: како што Исус ја држи во рацете Својата Мајка, така и благодарните деца им помагаат на болните и

[1] M. Bulacu, *Cuvinte din Evanghelie pentru suflet românesc*, vol. I, Tipografia Curții Regale, București, 1944, p. 265.
[2] Ibid., p. 266.

стари родители за полесно да ги надминат страдањата[1].

Заклучок. Од погоре кажаното, забележуваме дека проповедта е еден литургиски чин чии извори водат кон Единиот Бог. Изворите на проповедта се патишта на божјото откровение, без разлика дали зборуваме за Светото Писмо или Светото Предание, дали за природното откровение или за елементи на културните вредности. Сите овие му ја нудат на свештеникот проповедник не само тематската основа за составување на проповедта, туку и норми за животот на проповедникот, интерпретирањето на Светото Писмо, улогата на проповедта во мисијата на Црквата и во животот на верниците. Што се однесува на православните икони, тие ја претставуваат средината на откривањето и дејството на Словото Божјо во Црквата. Во Православната Црква, иконата е парадигма на воплотувањето на Словото. Исто како неа, проповедта е икона на божествените значења која проповедникот ја зографисува преку дејството на Словото[2]. Свети Василиј Велики ја доловува сличноста помеѓу проповедта и иконата велејќи дека „она што словото го пренесува преку слушање, тоа зографот го покажува преку репрезентирање во совршена тишина“[3]. Како извор на проповедта, иконата ѝ служи на мисијата на свештеникот проповедник и станува преобразителна реалност, единство меѓу видливите работи или разбрани со умот и невидливите работи или истакнати преку дејството на верата[4]. И проповедникот е должен да го открие евангелскиот јазик на иконата[5]. Во секоја икона проповедникот може да најде теми кои ќе ги развие во своите проповеди. Секоја црква може да му понуди ликови на светители кои ја практикувале добродетелта и си го жртвувале животот за верата и за исполнувањето на заповедите Божји.

[1] V. Gordon, *Mergând învățați...*, București, 2006, p. 373-374.

[2] V. Gordon, Pr. Adrian Ivan, Pr. Nicușor Beldiman, *Omiletica*, Editura Basilica, București, 2015, p. 83.

[3] Βασίλειος Μέγας, *Omilia XIX* (PG 31, 509A).

[4] V. Gordon, Pr. Adrian Ivan, Pr. Nicușor Beldiman, *Omiletica...*, p. 83.

[5] Δ. Τσελεγγίδης, *Εικονολογικές μελέτες*, Θεσσαλονίκη, 2003, p. 171.